*Сергеј ЦВЕТКОВСКИ*

**УДК:355.58(489)**
Прегледен труд

# КУЛТУРА НА ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО ВО ДАНСКА

***Кратка содржина***

*Анализата за заштитата и спасувањето во Данска, во односот кон транснационалната динамика и компатибилноста или неусогласеноста на цивилната одбрана со концептите за државност, граѓанство или национална цел - овозможува споредба за развојот на националната цивилна одбрана на Запад за време на Студената војна. Заштитата и спасувањето во Данска се пример за еволуција на системот за цивилна одбрана. Авторот се обидува да укаже на функционалноста преку замислата, конструкцијата, усогласеноста, правната поткрепа но и достапните критики на системот за заштита и спасување. Размислувањата се околу навременоста на концепцијата, легитимноста и презентирањето пред јавноста на цивилната одбрана. Се поставуваат прашањата за успешноста на методите за обука на стручниот персонал и волонтерите како и подучувањето на пошироката јавност; за репродуцирањето и материјализирањето на политичките и културните наративи за благосостојба и војување; за поствоеното урбаното планирање; и за засолништата како материјална и психолошка потпора. Достапните податоци укажуваат дека континуираниот развој на цивилната одбрана во Данска во Студената војна и цивилната заштита во децениите по неа, резултира со систем кој претставува пример за концепциски, структурна и функционална поставеност на модерен и ефикасен систем за заштита и спасување.*

***Клучни зборови:*** *ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, ЦИВИЛНА ОДБРАНА, ВОНРЕДНИ СОСОЈБИ, ПОДГОТОВЕНОСТ, МЕНАЏМЕНТ*

## Вовед

Структурата и функционалноста на современиот систем за заштита и спасување во Данска влечат корени од системот на цивилна одбрана кој започна да се развива по завршувањето на Втората светска војна. Проектот *Данска цивилна одбрана: култура на страв и преживување во Студената војна* ја обезбедува првата сеопфатна студија за цивилната одбрана во Данска[1]. Развојот на данската цивилна одбрана е презентиран во два дела кои за-

[1] Проектот ја дополнува историјата на Данска во периодот на Студената војна и придонесува за нова теоретска рамка која ги истакнува политичките, културните и идеолошките димензии на цивилната одбрана како и за олеснета меѓународна споредба во областа на заштитата и спасувањето.

себно се фокусираат на два периода, поточно на раниот период 1945 - 1964 год. и подоцнежниот период 1964 - 1989 год., кои ја испитуваат функционалноста на овој систем.

Основана во 1949 година, данската цивилна одбрана постепено се приспособи кон заканите од нуклеарна војна во текот на 1950-тите. Наспроти чувствата и префрлувањето на одговорноста за безбедноста подалеку од државата а поблиску до граѓаните (како форма на самозаштита и самоспасување), во овој период беше потенцирана потребата за нов и поширок пристап. Тука суштински произлегуваат нормите на пол и одговорно граѓанство промовирани од државата и организациите на цивилна одбрана, вклучително и женскиот огранок на Здружението за цивилна одбрана. Регистрираните слабости се транснационалното кружење на честопати нецелосни напори за едукација на збунетата и често неубедена јавност за ефектите на нуклеарната експлозија и последиците.

Истражувањето на вториот период низ три точки е општ придонес во меѓународната агенда за истражување на цивилната одбрана. Прво, ја анализира данската структура на цивилна одбрана до крајот на Студената војна. Од 60-тите години на минатиот век, данската нуклеарна цивилна одбрана сè повеќе се вметнуваше во архитектурата и идеологијата на проширената социјална држава[2]. Второ, во однос на урбаното планирање, може да се рече дека цивилната одбрана отсекогаш била аспект на урбаното градење, но, ова беше поитно во Студената војна, бидејќи креаторите на политиките ги сметаа за особено ранливи градовите со голема концентрација на жители. Националната политика за цивилна одбрана се преточува во урбана цивилна одбрана, што е особено видливо со транснационалните сличности и разлики помеѓу нуклеарните и ненуклеарните европски држави. Трето, улогата на засолништата како материјална градба и како метафора во трасирањето на повоениот развој на засолништата и улогата на материјалноста во создавањето културно значење.

На вакви основи, во изминатите неколку децении се одвиваше континуираниот развој на системот за заштита и спасување во Данска, кој сега претставува пример за концепциски, структурна и функционална поставеност на модерен систем за цивилна одбрана. Денес, планирањето, организирањето и спроведувањето на заштитата и спасувањето во Данска е во надлежност на Агенцијата за менаџмент со вонредни состојби. Данската агенција за менаџмент со вонредни состојби (ДЕМА) претходно беше под одговорност на Министерството за внатрешни работи, но од 1 февруари 2004 година е под Министерството за одбрана (Retsinformation, 2009)[3]. Тро-

[2] Училиштата биле изградени со екстрашироки врати и проточна вода во училниците, така што тие лесно може да се трансформираат во итни болници; јавните згради, како што се библиотеките и градските сали, биле опремени со засолништа за радијациските последични ефекти; јавните паркови биле тајно назначени области за вонредни гробишта.

[3] Иако, оттогаш, ДЕМА повеќе не се нарекува Цивилна одбрана (*Civilforsvaret*), сепак општата јавност сè уште ја именува како Цивилна одбрана, и многумина и не знаат

шоците за заштита и спасување кои директно се поврзани со активностите на Данската агенција за менаџмент со вонредни состојби се околу 63,3 милиони евра што изнесува 0,3 % од БДП.

## 1. Структура на системот за заштита и спасување во Данска

Структурата на системот за заштита и спасување е одраз на севкупната административна структура. Данските граѓани се заштитени со „подготвеноста за заштита на 3 нивоа", а заштитата е обезбедена со комбиниран владин и општински систем за вонредни состојби. Така, данската заштита и спасување е структурирана на три нивоа: централно, регионално и општинско.

### *1.1 Централно ниво*

На централно – национално ниво, индивидуалните министерства се одговорни во рамките на нивната соодветна административна сфера, за планирање и преземање на неопходните мерки за цивилна подготвеност.

Централната влада е одговорна за:

- Планирање и преземање неопходни мерки за цивилна подготвеност на министерско ниво;
- Координација на планирањето за цивилната подготвеност, имплементација на сите поврзани мерки и преземање и спроведување на задачите кои не биле спроведени од други органи на управата (се спроведени од Министерството за одбрана);
- Менаџирање со тековни кризи и информирање на јавноста за имплементираните мерки и за таа намена се формира централизиран веб-сајт кој ги содржи сите информации кои се однесуваат на кризата.

Владино тело кое е директно одговорно за заштитата и спасувањето е Данската агенција за менаџмент со вонредни состојби, која е под надлежност на Министерството за одбрана. Како дел од планирањето на национално ниво, Агенцијата ја координира и работата на министерствата во контекст на планирањето на цивилната заштита на НАТО (European Commission, 2017).

### *1.2 Регионално ниво*

Националната регионална подготвеност за спасување се состои од 5 регионални центри. Регионалните центри обезбедуваат поддршка на општинската подготвеност за спасување секогаш кога таква помош ќе биде потребна, во зависност од природата или обемот на несреќата или катастрофата. Задачите поврзани со вонредните состојби и катастрофите се координирани од регионални координативни одбори, кои вклучуваат

---

што е тоа ДЕМА.

претставници од полицијата, локалната област, Данската администрација за менаџмент со вонредни состојби, *Домашната стража* и други релевантни агенции во зависност од природата на кризата. Системот за подготвеност за спасување исто така обезбедува национален резервен состав за подготвеност за спасување во време на кризи. Па, така, најзначајната задача на регионалниот систем за подготвеност за спасување е обуката на воените обврзници/регрутите.

### *1.3 Локално ниво*

Согласно *Законот за подготвеност*, општините мора да подготват план за итни состојби за сите задачи за кои општините се одговорни во време на мир, периоди на кризи или војни. Општинскиот систем на подготвеност за спасување мора да биде способен да обезбеди соодветни служби за одговор. Покрај тоа, треба да биде подготвен да ги прими, да ги згрижи и да ги нахрани евакуираните лица и други потресени лица, вклучително и жртви на поплави и други природни непогоди. Со општинската служба за спасување управува *Општинска комисија за планирање непредвидени состојби*, која според законот секогаш ја води градоначалникот. Комисијата е одговорна за интегрирано планирање на цивилната заштита, вклучувајќи планови за проценка на ризик и за единиците за оперативен одговор.

### *1.4 Меѓуресорски надлежности*

Со цел да се зајакне координацијата помеѓу одбраната, полицијата и останатите цивилни власти во случај на големи кризи во Данска, се воспоставува Национален оперативен штаб (НОСТ)[4]. Меѓуагенциска координација и команда и контрола на високо ниво се обезбедува од *Националната управувачка група за кризен менаџмент* и НОСТ. Главната задача на Националниот оперативен штаб е да игра координирачка улога во случај на големи инциденти, несреќи и безбедносни закани, вклучувајќи и терористички дејства во Данска кои не можат да се решат во секој регионален полициски оддел, како и задачи кои вклучуваат сложени истовремени настани во различни региони/делови од државата, за кои може да биде потребна координација на национално ниво[5]. (European Commission, 2017).

[3] Националниот оперативен штаб ги вклучува началникот на данската национална полиција, ДЕМА, Данската управа за здравство, Одбранбената команда, Службата за одбранбено разузнавање (ДДИС) и Службата за разузнавање во безбедност (ПЕТ), Министерството за надворешни, и Управата за транспорт, градежништво и домување. Останати власти можат да партиципираат ад хок.

[5] Главната задача на НОСТ е да створи и одржи брз преглед на одредена ситуација и да обезбеди соодветна основа за донесување одлуки кај одговорните власти и да обезбеди основа за неопходна координација и приоритетизација како на решавањето проблеми така и на ресурсите со намера да се доставаат до релевантните донесувачи на одлуки.

### *1.5. Останати учесници*

А) Приватен сектор. Голема данска приватна компанија за спасување и заштита од пожари (Falck Redningskorps Ltd.) делува на договорна основа во рамките на општините. Оваа компанија и останати приватни компании на регионално ниво обезбедуваат амбулантни услуги.

Б) Волонтери. *Данската лига за цивилна заштита* е непрофитна организација со 5.000 члена. Сочинета е доминантно од волонтери во локални спасувачки тимови кои работат за безбедноста на цивилното население и има за цел да претставува обединувачка основа за волонтерите ангажирани во општинската или националната подготвеност за спасување. Лигата освен тоа има за цел да го зголеми знаењето за подготвеноста и превенцијата помеѓу населението и преку едукација на населението да се зголеми неговото ниво на самозаштита и масовност[6].

В) Невладини организации. Меѓу сите нив најистакнат со своето учество е *Данскиот црвен крст*.

### *1.6 Еколошка безбедност*

Данскиот закон за заштита на морската средина ја нагласува легалната рамка која се однесува на контрола на нафтено и хемиско загадување на отворено море, во плиткото крајбрежје и на бреговите. Согласно законот, Министерството за животна средина, во соработка со воената одбрана, локалните противпожарни и спасувачки служби и другите власти, беше одговорно за активностите за контрола на загадувањето на морската средина. Но, од 2000 година овие задачи беа префрлени на Министерството за одбрана, па така, обврските кои се однесуваат на загадувањето на морињата се дадени на *Командата за одбрана* и тековно *Морската оперативна команда* го спроведува одговорот на море и во плитки води близу брегот. За одговорот на бреговите и пристаништата одговорни се општините.

---

[6] Данската лига за цивилна заштита е вклучена во обука и едукација на волонтерите во однос на следниве мерки: снабдување со храна и привремено сместување, противпожарна служба, спасување, употреба на кучиња за спасување, комуникација и тимови за потрага и спасување. Дополнително, Лигата на сите членови им нуди курсеви по прва помош како и курсеви за менаџмент на одбрани членови. Понатаму, Лигата е вклучена и во обука на населението за прва помош, вклучително и способност за гаснење мали пожари и справување со акцидентни ситуации пред истите да прераснат во големи несреќи. Уште повеќе, Лигата нуди обука и за употреба на дефибрилатори и посредува помеѓу добавувачот и фирмите на кои им е потребен дефибрилатор.

## 2. Цивилна одбрана

### *2.1. Данска агенција за менаџмент со вонредни состојби*

Денес системот за заштита и спасување во Данска значително се разликува од времето на Студената војна. Со заштитата и спасувањето управува *Данска агенција за менаџмент со вонредни состојби* (ДЕМА), која е владина агенција под надлежност на Министерството за одбрана лоцирана во Одделот за менаџмент со вонредни состојби и домашна стража (Forsvarsministeriet, 2021). ДЕМА е задолжена за:

- Координирање на одговорностите во име на Министерството за одбрана;
- Управување со центрите за одговор во вонредни состојби;
- Надзор на националната и локалната подготвеност за спасување;
- Советничка улога по прашањата за подготвеност;
- Директна одговорност за противпожарна заштита;
- Општ развој на подготвеноста и одговорот во вонредни состојби; и
- Хемиска и нуклеарна одговорност. (European Committee of Regions, 2020).

ДЕМА е организирана во четири суштински области, каде секоја покрива дел од Данскиот одговор во вонредни состојби: Оперативен одговор; Центар за едукација и развој на човечки ресурси; Планирање вонредни состојби, кое вклучува надзор на планирањето на подготвеноста на други владини, регионални или општински агенции и приватни компании; и Превенција, која вклучува инспекција, советување, надзор и развој на национални правила и регулативи поврзани со техничките аспекти и аспектите на однесувањето во превенирањето пожари и експлозии (European Commission, 2017).

Нејзината основна задача е да раководи со оперативниот сегмент кој го сочинуваат шест центри за управување со вонредни состојби како и со административен и правен оддел кој ја надгледува националната и локалната подготвеност и служи како советодавно тело на владата околу прашањата за цивилна подготвеност. Покрај оперативниот сегмент, т.е. *Одделот за итни операции*, во рамките на ДЕМА функционираат и следниве оддели: Нуклеарен оддел, Хемиски оддел и Оддел за цивилна подготвеност.

Со данскиот Закон за подготвеност (Retsinformation, 2009), кој стапи на сила на 1 јануари 1992 година, поранешниот корпус за цивилна одбрана од времето на Втората светска војна беше променет во мирновремена „Агенција за менаџмент со вонредни состојби", што првенствено може да работи во мирно време. Поточно, *Данската агенција за менаџмент со вонредни состојби* е создадена од двете агенции претходно одговорни за овие служби, имено *Агенција за цивилна одбрана* и *Владина агенција за инспекција*

*на пожар*. Цивилната одбрана е формирана на 1 март 1938 година, како Државна цивилна воздушна одбрана (Statens civile luftværn) и била под одговорност на Министерството за внатрешни работи[7]. Името Цивилна одбрана го добила со првиот Закон за цивилна одбрана од 1 април 1949 година. Со помош на голем број политички договори поддржани широко од партиите во данскиот Парламент, подготвеноста за спасување која на почетокот била во форма на граѓанска одбрана и заштита, постојано се развивала и приспособувала на променливите барања на општеството и промените во безбедносната политика, така што добивала сè повеќе невоинствена спасувачка форма. Цивилната одбрана заедно со воената одбрана, економската одбрана и психолошката одбрана го сочинуваа единството на одбранбениот систем кој беше во согласност со тогашната применета концепција (политика) на *тотална одбрана*.

Денес ДЕМА е во можност да распореди свои капацитети надвор од државата на барање од друга држава или меѓународна организација. Меѓународните интервенции се регулирани со политички договори. Данска учествува во *Договорите за координација во вонредни и кризни состојби на ЕУ* (ЦЦА), при што Министерството за надворешни работи претставува точка за контакт во врската со ЦЦА. Воените интервенции се регулирани со Законот за одбрана (Закон 122 од февруари 2001 год), додека цивилните интервенции се регулирани со Законот за цивилна подготвеност (ЛБК бр. 137 од 2004 година со амандманите) (European Commission, 2017). ДЕМА е широкоангажирана во прекугранична, европска и меѓународна соработка со цел да го зајакне менаџментот со катастрофи во Данска, во Европа и пошироко. Тоа вклучува проширена соработка со меѓународни организации како ЕУ, ОН, НАТО, нордиските земји, земјите од Балтичкото Море и билатерална соработка со Германија[8].

Одлуката за пружање помош во странство се носи во консултација со данското Министерство за надворешни работи. На тој начин ДЕМА може да даде поддршка во случаи на природни катастрофи и несреќи, технолошки настани, кризи и граѓански војни. ДЕМА е во состојба брзо да реаги-

[7] На Министерството за внатрешни работи непосредно му биле потчинети *Управата за цивилна одбрана* и *Управата за медицинско санитетска служба*. Исто така, при Министерството делуваше и Советот за цивилна одбрана, сочинет од претставници од различни ресори и институции непосредно одговорни за подготовката и насочувањето на развојот на цивилната одбрана. *општинските противпожарни служби* и *владината Агенција за противпожарна инспекција* беа под Министерството за правда.

[8] Некои забележителни операции по 90-тите години се: Испорака помош во Босна во 1992 година (каде што конвојот беше нападнат и беше убиен еден подофицер на данската Цивилна одбрана); Потрага и спасување по земјотресот во 1992 година во Турција; Подвижна болница во Авганистан; Подвижна болница во Ачех по земјотресот и цунамито во Индискиот Океан во 2004 година; Евакуација на данските цивили од Либан за време на конфликтот во 2006 година; Земјотресот во Пакистан во 2010 година; Катастрофата по земјотресот во Јапонија во 2011 година и по нуклеарниот инцидент во Фукушима.

ра во итни ситуации и да ја напушти својата домашна база во рок од неколку часа во помали мисии, и има можност да стави во функција подвижна болница во рок од 24 часа по распоредувањето на местото на несреќата (Beredskabsstyrelsen, 2010). Капацитетот за ваква акција денес е наследен од активностите на некогашната Управа за медицинско санитетска служба во чиј домен беа ингеренциите за подготовките на болниците и персоналот за укажување лекарска помош на повреденото и болно цивилно население. Во услови на војна, беше предвидено Управата да се трансформира во т.н. Данска болничка итна помош која во медицинско санитетски поглед ќе обезбеди помош за цивилното население. База на Данската мобилна болница за итни случаи (ДЕМХ) е Волонтерскиот регионален центар на ДЕМА (во Hadehusene) со 300 волонтери, со својата Мобилна единица за нега на траума (МТЦУ)[9] (Danish Emergency Management Agency, 2011).

### *2.1.1 Итни операции*

Итните операции при вонредни состојби во Данска се реализираат низ општинските и регионалните активности и служби на Данската агенција за управување со вонредни состојби. Не постои систем на субординација помеѓу регионите и општините, бидејќи тие имаат различни задачи и одговорности. Данска е поделена на 98 општини кои се организирани во 5 региони (European Commission, 2017). Општинските власти се одговорни за снабдување и подготвеност за вонредни состојби и креирање планови за итни состојби за сите задачи за кои општините се задолжени. Регионалните власти се одговорни за управување со болниците и регионалните центри за подготвеност за национално спасување.

**А) Општински противпожарни оддели**. Примарната работа за гаснење пожар во Данска ја прават општинските противпожарни служби и од сите општини според законот се бара да имаат противпожарна служба. Пред 1992 година, општинската противпожарна служба беше контролирана од *Владина агенција за противпожарна инспекција*, но со измената на законот во 1992 година, одговорноста беше дадена на *Одделот за граѓанска подготвеност* на ДЕМА. Општините не се обврзани целосно сами да го прават гаснењето на пожарот, па така, голем дел од активностите на противпожарната служба ги прави приватната фирма.

[9] ДЕМХ е високоспецијализирана болница за ортопедска хирургија. Болницата се распоредува на сцени на катастрофи во странство, главно земјотреси и катастрофи поврзани со земјотреси, но исто така била распоредена и во комплексни итни ситуации. МТЦУ е дел од капацитетот на ДЕМА за урбани пребарувања и спасување (УСАР), наменет за почетна нега на траума и стабилизација на транспортот на повредени членови на тимот за урбано пребарување и спасување и за стабилизирање на самото место на жртвите извлечени од тимот на УСАР. Понатаму, МТЦУ е дел од Данската болница за итни случаи, кој може да се распореди како мобилен тим, способен за враќање на пациентите од оддалечените области.

**Б) Регионални центри за поддршка**. Агенцијата за управување со вонредни состојби брои персонал од околу 600 луѓе. Околу 170 од нив се вработени во седиштето (централата) на агенцијата во Биркерод. Останатите се вработени во шесте центри на агенцијата и во две училишта. Можно е да се изврши регрутна служба од данските воени обврзници во оперативниот дел на ДЕМА, при што агенцијата има околу 450 регрути на секои 9 месеци[10]. Регрутите добиваат целосна едукација за пожарникари и обучени се во следните области: Противпожарна заштита; Спасување и урбано пребарување и спасување (USAR); Напредна прва помош, проценка и третман на пациент (на ниво медицински техничар за прва помош); Комуникации[11]; Употреба на тешки возила; и Хазардни материјали.

Шесте регионални центри за менаџмент со вонредни состојби се распоредени низ целата земја така што до скоро секој дел од земјата може да се стигне во рок од еден час по приемот на алармот. Секој од центрите располага со регрути сместени во касарна кои покрај општата обука поминуваат и специјалистичка обука која е различна во секој од центрите како на пример: специјализација за апарати за реанимација, специјализација за меѓународни операции, специјализација за заштитна опрема, специјализација за тешки возила и волонтери (Danish Emergency Management Agency, 2011). Примарната функција на горенаведените центри е да им помагаат на општинските противпожарни оддели при поголеми пожари, да ѝ помагаат на полицијата и да се грижат за данската подготвеност за нуклеарни врнежи, подготвеноста за хазардни материјали, подготвеноста за урбано спасување и други релевантни задачи. Центарот во Хадехусен (Hedehusene) е целосно волонтерски центар, со исклучок на главниот офицер и некои наставници кои нудат курсеви на приватни спасувачки фирми. Сите други центри се екипирани од регрути кои се контролирани од еден офицер и неколку подофицери.

### *2.1.2 Оддели и училишта за менаџмент со вонредни состојби*

А) **Нуклеарен оддел**. Одговорностите на овој оддел вклучуваат: Инспекции на исклучувањето на единствениот нуклеарен објект во Данка кај Рисо; Данска нуклеарна подготвеност; Меѓународна соработка за нуклеарна безбедност и нуклеарна подготвеност во рамките на нордиските земји, ЕУРОАТОМ, Меѓународната агенција за атомска енергија (ИАЕА) и ОБСЕ; и Програми за нуклеарна поддршка на земјите од Источна Европа.

Б) **Хемиски оддел**. Неговите одговорности вклучуваат: Аналитички хемиски истраги на непознати супстанци, вклучувајќи хемиски бојни отро-

---

[10] За разлика од војската каде што нормалната должина на службата е 4 месеци и нема оперативни задачи, регрутната служба во ДЕМА е 9 месеци во должина. Исто така, регрутите стануваат дел од националниот одговор за итни случаи по 1 месец служба и честопати учествуваат во пожарникарски и спасувачки операции.

[11] Често за поддршка на големи полициски операции се користи Модулот за команда и комуникации.

ви и експлозиви; Испитување опасни материи и хазардни материјали (при што опасните материи ги покриваат и токсичните индустриски хемикалии, експлозивите, хемиските средства за војување и другите супстанции што се опасни во дадена ситуација.; Советнички услуги, вклучувајќи го *Националниот центар за хемиски одговор*, образование и научно истражување (Beredskabsstyrelsen, 2010). Одделот за хемиски непредвидливи ситуации во данската Агенција за менаџмент со вонредни состојби е составен од хемичари кои можат да бидат деноноќно ставени во функција. Нивната задача е да даваат телефонски совети, да прават хемиски анализи и да пружат помош во несреќи и места на извршен криминал деноноќно. Поконкретно, одделот може да помогне во ситуации на: ослободување опасни материи; пожар што содржи опасни материи или емисија на опасни испарувања; сообраќајни несреќи со опасни материи; земање примероци на местото на несреќата (на пр. со наоѓање хемиски нелегални лаборатории и по експлозии); хемиски анализи, особено идентификација на непознати супстанции (на пр. со контаминација на вода за пиење или во случај на труење по ингестија на разни течности или цврсти материи или со откривање непознати предмети); прелиминарна идентификација на хемиски супстанции на местото на несреќата со употреба на мобилна опрема; конечна идентификација во лабораторијата на хемиски супстанции со употреба на напредна опрема за анализа; третирање хемиски контаминирани лица; чистење и деконтаминација на персоналот и опремата за итни случаи; проценка на безбедносните растојанија и ширење на супстанциите врз основа на тековните податоци за времето од Данскиот метеоролошки институт; хемиски тероризам (Beredskabsstyrelsen, 2010).

Примероците кои ширум земјата се земени во ситуација на акутни несреќи со опасни материи обично се доставуваат во Данскиот хемиски оддел во Данската агенција за менаџмент со вонредни состојби со цел хемиска идентификација на содржината[12].

Одделот функционира и како дански Центар за хемиски вонредни состојби (ICE), кој посредува во контакт помеѓу експерти од данската хемиска индустрија во вонредна состојба. ICE е кратенка за Интервенција во итни случаи со хемиски транспорт. ICE- центрите се дел од Европската мрежа за одговор при итни случаи под Европскиот совет за хемиска индустрија. Покрај тоа одделот во функција на национален центар може да обезбеди и совети меѓу европските служби за спасување и хемиски компании во случај на несреќи со дански производи во странство или странски производи во Данска (Beredskabsstyrelsen, 2010).

[12] Вистинското земање примероци е дел од подготвеноста што се гради и функционира во секојдневниот живот. Земањето примероци во опасната област се врши од страна на хемиски тим во договор со службата за спасување од општинската или државната служба за спасување, во согласност со упатствата за хемиската непредвидена состојба. Покрај тоа, земањето мостри го вршат или службите за итни случаи, Центарот за судска медицина, Службата за расчистување муниција на вооружените сили или Хемиските служби за итни случаи, со заеднички договор.

В) **Одделение за цивилна подготвеност**. Данскиот закон за подготвеност предвидува дека секое министерство, агенција или друг орган во данската влада се бара да спроведе релевантно планирање во рамките на нивниот сектор за да се справи со сериозно негативно влијание врз критичните функции на општеството. Одделот помага во олеснување на планирањето во различни сектори и координација помеѓу различните сектори. Ова вклучува одговорност за национално планирање во итни случаи, објавување материјали за насоки, курсеви и други активности за зајакнување на соработката помеѓу различните актери во данскиот систем за цивилна подготвеност.

Г) **Училишта за управување со итни случаи** се Колеџ за персонал на ДЕМА (во Снекерстен) и Технички колеџ на ДЕМА (во Тинглев). Овие едукативни центри обезбедуваат професионални едукативни консултантски услуги за училишта, центри и општинскиот систем за подготвеност за цивилна заштита, вклучително и регулативи за обука и планови за подготвеност на персоналот; курсеви за обука на администрацијата; менаџмент и развој на национални и внатрешни курсеви за обука и вежби; регрутирање персонал, администрирање на персоналот и политика на персоналот; соработка со национални и меѓународни универзитети и центри за обука за цивилна заштита.

## 3. Национален менаџмент со вонредни состојби

Националниот систем за менаџмент со вонредни состојби е наменет да обезбеди владина координација на одговорите на инциденти во Данска и во странство. Тој се состои од:

-Владин комитет за безбедност, кој го вклучува премиерот како заседавач и министрите за надворешни работи, за правда и за одбрана.

-Комитет за безбедност од високи претставници, кој ги вклучува постојаните секретари на погореспоменатите 4 министри и шефовите на Службата за одбранбено разузнавање и Службата за разузнавање во безбедност.

-Национален оперативен штаб (НОСТ).

-Меѓународен оперативен штаб (ИОС)[13].

-12 локални оперативни штабови со постојаните членови од: полициските области, ДЕМА, Територијалната одбрана (Домашна стража), регионите и општините. Ад хок учесниците честопати вклучуваат даватели на јавен превоз и комунални услуги.

---

[13] ИОС ги вклучува Министерството за надворешни работи како заседавач, канцеларијата на премиерот, Министерството за правда, Министерството за одбрана, Министерството за здравство, Националната полиција, ДЕМА, Данската управа за здравство и Командата за одбрана. Останати власти, претставници на транспортната и осигурителна индустрија можат да учествуваат ад хок.

-Локална инцидентна команда, која се формира на местото на инцидентот од инцидентните команданти на полиција, за пожар и спасување, и подготвеност за здравство (National Civil Protection Authority, 2019).

### *3.1 Превенција*

Во рамките на своите области, индивидуалните министерства мора да планираат одржување и продолжување на функциите на општеството во случај на несреќи и катастрофи од големи размери, што вклучува и креирање планови за вонредни состојби. Секој општински и регионален совет исто така мора да подготви регионален/ општински план за управување со вонредни состојби. 24 општински противпожарни и спасувачки служби (кои се поседувани од 98 општини) мораат засебно да ажурираат план заснован на локалните ризици и услови. Министерството за одбрана, преку ДЕМА ги координира плановите, ги советува властите, и ги дава насоките за подготовка на плановите на централните владини авторитети, регионите, општините и општинските фирми за пожар и спасување. Плановите мора да се ревидираат најмалку еднаш во 4 години и да бидат поднесени до ДЕМА за преглед и забелешки.

**Проценка на ризици**. Данската национална проценка на ризици е спроведена од ДЕМА во тесна консултација со останатите управни органи и организации. Резултатите се сумирани во документ насловен како *Национален профил на ризици* (НРП).

**Планирање на менаџментот со ризици**. Покрај данскиот Закон за менаџмент со вонредни состојби, планирањето на менаџментот со ризици е третиран во неколку други акти: Национален план за вонредни состојби, Насоки за сеопфатно планирање на подготовки, Национална стратегија за превенција на несреќи и катастрофи и дополнително друга легислатива по специфични сектори како на пр. Подготвеност за здравство, транспорт и енергетски сектор. Нагласката е доминантна на општите планови за сите несреќи, т.е. фокусот е на суштинските задачи на кризен менаџмент независно од сценариото. Плановите за итни ситуации за специфични ризици се прават од и за сите членови на националниот систем за кризен менаџмент.

**Комуникација за ризици и подигнување на свеста**. Данска делува со секторска одговорност која се проширува и на комуникацијата за ризици и свесност. Тоа значи дека секторот кој е одговорен за областа во која има јавен ризик е исто така одговорен и за комуникација поврзана со тој ризик. ДЕМА спроведува двегодишно истражување за јавната свест за заканите кои се профилирани во Националниот профил на ризици.

На национално ниво, системот за предупредување, кој се состои од систем на сирени ширум земјата и директна врска со националните емитери, кои во сериозни вонредни состојби се обврзани да постираат и да емитуваат предупредувачки пораки – се тестира еднаш годишно, заради тестот но и за да се создаде јавна свест. Овој систем е надополнет со инфор-

мации од СМС-сервис за оние со оштетен слух, со предупредувачки апликации и со социјални медиуми и веб-платформи на органите на управата (National Civil Protection Authority, 2019).

### *3.2 Подготвеност и одговор во вонредни состојби*

**Обука и вежби**. ДЕМА и други организации нудат широк спектар на курсеви за обука. Само ДЕМА спроведува 32 курса за сопствениот персонал и други сектори, рангирани од курсеви кои се однесуваат на функционирање на командирите на местото на инцидентот па сè до курсеви за комуницирање во криза. Исто така изобилуваат можностите за обука преку бројни вежби (процедура, дилема, управување со кризи и др.).

Систем за рано предупредување. Системите за рано предупредување во Данска се исклучително поврзани со времето. Тие вклучуваат предупредување за лизгав пат од мерењата на патот кои се прикажуваат на веб-страниците и апликациите на властите и се основа за сообраќајни радиоинформации. ДЕМА одржува и систем за предупредување за нуклеарни и радиолошки вонредни состојби. Системот се состои од 11 автоматски мерни станици лоцирани низ земјата. Во случај на зголемена радијација од кое било од тие 11 места, ДЕМА добива автоматски аларм и може да реагира.

**Одговор во вонредни состојби.** Во Данска, основен принцип за менаџмент со вонредни ситуации и одговор е секторската одговорност. Тоа значи дека властите или организацијата со секојдневна одговорност за одредена област се исто така одговорни за таа област во случај на вонредна ситуација. Општинските противпожарни и спасувачки служби се одговорни за брз одговор во вонредна ситуација, додека ДЕМА помага при поголеми или покомплексни инциденти кои побаруваат специјална опрема или персонал (National Civil Protection Authority, 2019).

## Заклучок

Во првиот период од Студената војна цивилната одбрана во Данска претставува авторитативна дебата за трансформација на односите држава – граѓанин, промовирање општествени норми и дисциплинирање на граѓаните преку образование и визуелни ефекти. Во вториот период, данската цивилна одбрана станува нуклеарна цивилна одбрана проследена со промени во социјалната држава, урбаното планирање и материјалноста во културата за заштита и спасување. Денес, данските граѓани се заштитени со „подготвеноста за заштита на 3 нивоа“, а заштитата е обезбедена со комбиниран владин и општински систем за вонредни состојби. Водечко тело е Данската агенција за менаџмент со вонредни состојби која е организирана во четири суштински области, каде секоја покрива дел од *Данскиот одговор во вонредни состојби*: Оперативен одговор; Центар за едукација и развој на човечки ресурси; Планирање вонредни состојби; и Превенција. Во систе-

мот масовно се вклучени приватниот сектор, волонтерите и невладините организации. Националниот систем за кризен менаџмент е наменет да обезбеди владина координација на одговорите на инциденти во Данска и во странство.

**Литература:**


Beredskabsstyrelsen. (2010). 'Danish Emergency Mobile Hospital'. https://web.archive.org/web/20100821201354/http://www.brs.dk/brsfh/Dokumenter/DEMH.pdf

Beredskabsstyrelsen. (2010). 'Information on hazardous materials'. https://web.archive.org/web/20101015080334/http://www.kemikalieberedskab.dk/english.shtml

Danish Emergency Management Agency. (2011). 'Volunteer Centre'. https://web.archive.org/web/20110719014017/http://www.brs.dk/brsfh/internationalt/english_version.htm

European Commission. (2017). 'Humanitarian Aid & Civil Protection. Denmark – Disaster management Structure'. https://ec.europa.eu/echo/files/civil_protection/vademecum/dk/2-dk-1.html#over

European Committee of Regions. (2020). 'Division of Powers. Denmark Civil protection'. https://portal.cor.europa.eu/divisionpowers/Pages/Denmark-Civil-protection.aspx

Forsvarsministeriet (FMN). (2021). 'Departmentents organisation'. https://fmn.dk/da/ministeriet/forsvarsministeriet/departementets-organisation/

National Civil Protection Authority.(2019). 'European Civil Protection and Humanitarian Aid Operations'. *Facts & Figures. Denmark*. https://ec.europa.eu/echo/what/civil-protection/disaster-management/denmark_en

Retsinformation. (2009). 'Beredskabsloven in Danish'. https://www.retsinformation.dk/eli/lta/2009/660